Врз основа на чл. 99 од Статутот на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп (бр. 02-1267/17 од 01.06.2016 год. - пречистен текст), а согласно Одлуката за свикување на годишно Собрание на Друштвото бр. 2/1/2018-О.Д., Одборот на директори на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп, објавува:

**Ј А В Е Н  П О В И К**
**за учество на акционерите на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп**
**на Собрание**

Седницата на Собранието на П.И. „Витаминка“ а.д. Прилеп ќе се одржи на ден **14.03.2018 год. (среда)** со почеток во **14$^{00}$ часот** во салата за состаноци од Технички сектор на Друштвото, на ул. „Леце Котески“ бр. 23, во Прилеп, со следниот:

**Дневен ред**

**1.1. Процедурален дел:**

**1. Утврдување кворум за работа.**

**2. Избор на бројачи на гласови.**

**3. Избор на претседавач.**

**4. Избор на записничар и заверувачи на записник.**

**2.2. Работен дел:**

**1. Потврдување на Одлука на органот на управување за одобрување на голема зделка.**

**2. Донесување Одлука за одобрување на голема зделка.**

Се повикуваат акционерите да го пријават своето учество на Собранието.

Акционерите се должни своето учество да го пријават најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание.

Пријавите да се доставуваат до П.И.„Витаминка“ а.д. Прилеп – правна служба или по електронски пат на: praven.sektor@vitaminka.com.mk

Секој акционер може да овласти полномошник со писмено полномошно за учество на Собранието, за што е должен да го извести Друштвото по писмен или електронски пат. Податоците за начинот на испраќање на известувањата за полномошната и обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет страница на Друштвото: www.vitaminka.com.mk

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, имаат право да достават предлог за дополнување на дневниот ред и одлуки по точките од дневниот ред.

Акционерите можат да достават предлози за вклучување на нови точки во дневниот ред, предлози на одлуки и прашања најдоцна во рок од 8 (осум) дена од денот кога е објавен јавниот повик, а подетални информации за постапката на доставување предлози и прашања можат да се најдат на официјалната интернет страница на Друштвото: www.vitaminka.com.mk

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот на Друштвото и Законот за трговските друштва.

Материјалите за Собранието на Друштвото, како и дополнителни информации согласно Законот за трговските друштва, им се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во Финансиско-сметководствениот сектор и на официјалната интернет страница на Друштвото: www.vitaminka.com.mk

**ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ**
**НА П.И.„ВИТАМИНКА“ А.Д. ПРИЛЕП**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Дипл.инг. Симон Наумоски**